USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

13[TM] Мај, 2010
Press office: +389 2 321 7060 ext 115
Моб: +389 (0)70 29 34 34
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

MEDIA ADVISORY

# Македонските извозници и преработувачи на зеленчук на маркетинг мисија во Канада

Од 14 до 20 мај 2010 АгБиз Програмата на УСАИД и нејзината партнерска организација МАП (Македонска асоцијација на преработувачи)организираат шест дневна продажна и маркетинг мисија во Торонто, Канада за седум водечки фирми извозници и преработувачи на зеленчук. Учесниците се: Бонум Плус; Випро; Техноалат; Алтра; Тргопродукт, Бест Фоод и Ларс.

Индустријата за преработка на зеленчук игра важна улога во македонскиот агробизнис. Секторот е извозно ориентиран, околу 80-85% од годишната продажба се извезува на пазарите на ЕУ, особено во Германија и регионалните пазари како Србија, Косово и Хрватска.

Извозот на македонските производи од преработен зеленчук во Канада моментално е мал но многу важен  и изнесува 180 тони, изразено во вредност тоа е 342.000 евра. Оваа количина била извезена во 2009 година. Канада е рангирана многу високо на листата на земјите со голем увоз на производи од преработен зеленчук по глава на жител, за споредба Канада увезува два пати повеќе вакви производи  отколку САД. Според статистика на ФАО, Канада беше меѓу првите 10 увозници на производи од преработен зеленчук во 2007 година. Канада е богата земја со високо софистициран пазар кој нуди значајни можности за меѓународните извозници. Исто така, значителен дел од македонската дијаспора живее во Канада, што претставува уште поголем потенцијал за македонските преработувачи да влезат и да се одржат на овој пазар.

"Македонските компании ќе имаат можност да ги посетат преработувачите во Канада и да се сретнат со нивните менаџери; ќе ги презентираат своите компании на потенцијални купувачи, на промотивниот настан кој ќе се оддржи на 17-ти мај, каде македонските фирми ќе ги промовираат своите производи на база на пиперка. Планирањето и организирање на овие настани се реализира во тесна соработка со македонскиот генерален конзулат во Торонто. ", рече Сашо Ристески, Соработник за ланецот на вредности – преработки од зеленчук.

До денес, Програмата АгБиз обезбеди поддршка на 180 фирми од агробизнисот, 25 организации на производители, четири трговски асоцијации; обучи преку 1200 лица; им помогна на компаниите од агри-бизнисот да потпишат нарачки за извоз во вредност од 10,3 милиони евра и им помогна на 36 агри-бизниси да идентификуваат потреба од финансиски средства од $6,9 милиони долари. За повеќе информации, посетете ја веб страницата:  www.agbiz.com.mk.

БЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:

**Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија, започнувајќи од 1993 година.** УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подобруваат вештините за вработување кај македонските студенти. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон една стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји.  За повеќе информации, посетете ја веб страницата: http://macedonia.usaid.gov